Исламот го прими заедно со добрите дела што си ги направил.“

Од Хаким бин Хизам, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „О, Аллахов Пратенику, што е со делата што ги правев во времето на џахилиетот, како што се милосрдието, ослободувањето на робовите и одржувањето на роднинските врски? Дали за нив има награда?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Исламот го прими заедно со добрите дела што си ги направил.“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека кога неверникот ќе прими ислам, ќе биде награден за добрите дела што ги правел во времето џахилиетот пред да го прими исламот, како што се милосрдието, ослободувањето на робовите и одржувањето на роднинските врски.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65016